Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од днецните настани 18.08.2024

На 18.08.2024 во 01.00 часот на ул.„Прохор Пчински" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Д.Р.(21) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.08.2024 во 14.00 часот во Скопје, на Средно Водно, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ж.А.(39) од с.Раштак, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.08.2024 во 18.10 часот во с.Глумово, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода В.Н.(25) и Р.Н.(30), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (18.08.2024) во 02.30 часот во Струмица, полициски службеници при СВР Струмица ги лишиле од слобода Ѓ.Т.(21) и С.З.(21), двајцата од с.Ињево, радовишко, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.08.2024 во 07.15 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Тетово – Гостивар, во близина на клучка Камењане, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Х.(24) од с.Радишани, скопско и товарно возило „фиат" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Е.Х.(51) од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил М.Т.(22) од Радишани, сопатник во возилото „бмв", констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Тетово.

На 17.08.2024 во 18.10 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека на регионалниот пат Р-1205, во близина на локалниот пат кон с.Стрмош, пробиштипско, патничко возило „пежо" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од М.Т.(18) од с.Стрмош, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, додека сопатничката Л.Т. од Пробиштип се здобила со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Пробиштип.

На 17.08.2024 во 05.25 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" во Прилеп се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед со прилепски регистарски ознаки, управуван од П.С.(49) од Прилеп и друг мотоцикл, кој по несреќата го напуштил местото. Во несреќата, возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, додека неговиот сопатник М.Т.(50) од с.Мало Коњари, прилепско, се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската болница во Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Прилеп и се работи на расчистување на случајот.

На 17.08.2024 во 12.30 часот во ОВР Кочани, В.Ѓ.(70) од Кочани пријавил дека на ул.,,Петровденска" бил каснат од куче скитник.

На 17.08.2024 во 10.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.П.(32) од Скопје пријавила дека на пешачката патека покрај река Вардар била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Б.Ч.(26) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 20.07.2023 во Берово, пријавениот посредувал во купување на марихуана за друго лице, која била пронајдена и одземена.

Денеска (18.08.2024) во 06.30 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја привеле Ј.В.(41) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека во казино го нарушила јавниот ред и мир со физичка пресметка со Д.Т.(39) и И.М.(39), оштетила дел од инвентарот во казиното и агресивно се однесувала кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.08.2024 во 18.00 часот во ОВР Прилеп, Х.Р.(33) од Прилеп пријавил дека на ул. „Илија Игески" во Прилеп, С.Н. запалил поголема количина на сува трева и различни стари предмети, по што го напуштил местото. Пред да се прошири, огнот бил изгаснат од Х.Р. и соседите. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.08.2024 во 09.00 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.Л.(43) од Прилеп, постапувајќи по претходна пријава дека физички ја нападнал неговата 48- годишна вонбрачна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 17.08.2024 во 14.32 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во атар на с.Бадар, општина Петровец. Полициски службеници од Полициското одделение Петровец излегле на местото и било констатирано дека Ѓ.С.(72) од Скопје запалил сува трева за да го исчисти дворот од неговата викенд куќа. По укажување на полициските службеници дека пожарот може неконтролирано да се прошири бидејќи плаќот е непосредно до шума, Ѓ.С. го изгаснал огнот.

На 17.08.2024 во 21.25 часот во СВР Битола, А.Е.(33) од Битола пријавил дека на ул. „Филип Втори Македински" бил физички нападнат од М.„Н" од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 17.08.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.И. - затворски полициски службеник во Казнено – поправната установа Затвор Идризово, пријавил дека бил физички нападнат од осуденикот Д.Ф.. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.И.(58) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 12.07.2024 во просторите на Полициската станица Кисела Вода, пријавениот агресивно се однесувал и упатувал закани кон полициски службеници.

На 17.08.2024 во 19.50 часот во СВР Битола, Х.Г.(20) од с.Бучин пријавил околу 15.30 часот на работното место во РЕК Битола бил физички нападнат од неговиот колега S.X.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.08.2024 во 03.15 часот во СВР Охрид, од Општата болница во Охрид било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен М.Д.(23) од Охрид. Според пријавеното околу 02.00 часот пред угостителски објект во Охрид тој бил физички нападнат од Д.Р. од Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2024 во 08.20 часот во СВР Струмица, З.С.(56) од с.Вељуса, струмичко, пријавил дека околу 07.00 часот пред продавен објект во Струмица бил физички нападнат од В.Ј.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.08.2024 во 21.05 часот во СВР Битола пријавил дека околу 18.00 часот во с.Лера бил физички нападнат од Ј.Т. од с.Цапари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (18.08.2024) во 10.00 часот во СВР Скопје, 35 - годишна жена од Скопје пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот вонбрачен партнер Ј.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2024 во 12.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го привеле М.Е.(66) од с.Арачиново, скопско, постапувајќи по претходна пријава дека на ул.„11 Октомври" во Куманово физички го нападнал И.З.(54) од Куманово. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.С.(48) од с.Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина". Пријавениот, во текот на 2016 година обезбедил фалсификувана македонска возачка дозвола, која ја употребил во Сојузна Република Германија за да ја замени со германска возачка дозвола.

На 17.08.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје, К.Ш.(65) од Скопје пријавил дека околу 16.20 часот на подрачјето на Центар, едно лице физички го нападнало и му го одзело мобилниот телефон, при што употребило и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2024 во 23.35 часот во СВР Скопје, Б.Ѓ.(45) од с.Радишани, скопско, пријавил дека околу 21.20 часот на игралиште на подрачјето на Чаир, неговиот малолетен син, по претходна расправија со друг малолетник, бил физички нападнат од едно лице, кое се претставило дека е негов татко. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.08.2024 во ОВР Свети Николе било пријавено дека во периодот од 08.00 до 22.30 часот во с.Макреш, светониколско, настанал пожар во куќа сопственост на О.А.(64) од с.Немањици, светониколско, при што била опожарена целата куќа со покуќнината, штала и помошен објект. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

На 17.08.2024 во 16.50 часот во ОВР Струга било пријавено дека на ул.„Владо Малески" во Струга настанал пожар на сува трева, кој се проширил и зафатил покривна конструкција од објект во изградба, сопственост на Ј.П.(36). Од екипа на Територијалната противпожарна единица Струга пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид извршила екипа на ОВР Струга.

На 17.08.2024 во 11.35 часот во СВР Охрид, В.С.(43) од Охрид пријавил дека пет негови вработени лица од Непал, со привремен престој во Охрид, на возраст од 19 до 27 години, се одделчиле од местото каде што престојувале. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 17.08.2024 во 17.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Козара" во Скопје две лица фрлиле експлозивна направа, по што настанал пожар на сува трева. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Полициски службеници излегле на местото и пронашле делови од шок бомба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.08.2024 во 00.30 часот во ОВР Делчево било пријавено дека настанал пожар во куќа во с.Треботвиште, делчевско, сопственост на И.О и П.О.. Пожарот бил изгаснат од екипа на територијалната противпожарна единица Делчево, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 18.08.2024 околу 01.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на излезот од Шуто Оризари кон с.Визбегово, скопско, била фрлена експлозивна направа во склад за градежни материјали, сопственост на И.Т.(45) од с.Визбегово, при што била оштетена влезната врата од објектот и дел од инвентарот. Повредени лица нема, а увид извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2024 во СВР Битола било пријавено дека во периодот од 14.08.2024 до 17.08.2024 на ул.„Кузман Јосифовски" со спреј била исчкртана и оштетена портата од заштитната ограда и информативната табла на џамија во изградба. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.08.2024 во 11.20 часот во Полициското одделение Галате, М.Б.(58) од с.Врапчиште, гостиварско, пријавил дека во с.Дебреше, гостиварско, бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет